**Република Северна Македонија**
**Основен суд Неготино**
**Су-04 број 51/21**
**Неготино**

Врз основа на член 20 и 25, в.в. член 35 став 2 од Законот за судска служба („Службен весник" број 43/14...248/18), одредбите од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административна селекција, на испитите, проверката на веродостојноста на докази и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови на постапката на селекција во зависност од категориите на работни места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници („Службен весник" број 236/18), Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Неготино Су-04 број 30/20-4 од 04.11.2020 година (пречистен текст) и согласноста од Судски буџетски совет број 08-939/4 од 22/10/2020 година и број 08-25/3 од 18/01/2021 година, в.в. известувањата од Министерство за финансии број 18-5452/2 од 19/10/2020 година и арх.број 18-86/2 од 15/01/2021 година, на ден 26/06/2021 година

**ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО**
**објавува**
**<u>ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 02/2021</u>**
**за вработување на 1 (еден) судски службеник**
**на неопределено време**

**1. <u>СУДСКИ СОРАБОТНИК</u>, категорија В ниво 3, <u>1 (еден) извршител</u>**

**Посебни услови – потребни стручни квалификации и компетенции:**

- најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен правен факултет VII/1 и положен правосуден испит
- најмалку 1 (една) година работно искуство во струката (се смета по положен правосуден испит)
- активно познавање на еден од најчесто користените јазици на Европската унија (англиски, француски и германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

**Основна (нето) плата:** 25.675,00 (дваесет и пет илјади шестотини седумдесет и пет) денари

**Покрај посебните услови, кандидатите потребно е да ги исполнуваат и следните <u>ОПШТИ УСЛОВИ</u>:**

- да е државјанин на РСМ
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна „забрана за вршење на професија, дејност или должност"

Работни часови неделно: 40
Работни денови: од понеделник до петок
Работно време: од 07,30 до 15,30 часот

Условите наведени во огласот кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно, со точни и веродостојни податоци, со изјава под материјална и кривична одговорност дека податоците во пријавата се точни и да ги доставaт потребните докази за посебните и општите услови во оригинал или заверени на нотар.

Доколку кандидатот има и други дипломи, сертификати или уверенија, истите да ги достави кон пријавата.

Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата ќе се дисквалификува од натамошна постапка.

Рокот за поднесување на пријавите изнесува **15 (петнаесет) дена** сметано од наредниот ден од објавувањето на огласот во дневните весници.

Пополнетата пријава за вработување кандидатите се должни да ја достават со докази за исполнување на посебните и општите услови во писмена форма преку приемната писарница на Основен суд Неготино или по пошта на адреса „Основен суд Неготино ул.„Маршал Тито" број 84 Неготино, со назнака „за јавен оглас бр.02/2021".

Времето и датумот на одржување на административната селекција, испитот и интервјуто ќе бидат објавени на веб страната на Основен суд Неготино.

Кандидатите кои ќе ја поминат административната селекција полагаат испит за судски службеник во просториите на Основниот суд Неготино.

Базата на прашања и потребната стручна литература, како и пријавата за вработување на судски службеник е достапна на веб страната на Основниот суд Неготино

**Основен суд Неготино**